РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-984/11
15.12.2025 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 5/16, 142/16 и 11/18, „Службен весник на Р.С.М.", бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Градоначалникот на Општина Дојран, на ден 15.12.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник во Општина Дојран по јавен оглас, бр. 649/2025

1.За извршител на работното место, Самостоен рефрент за оперативна поддршка на активностите од областа на јавните набавки, шифра, **УПР 01 01 Г01 000**, во Одделението за јавните набавки по јавниот оглас бр.649/2025, **се избира** кандидатот, Наташа Мандалова-Качакова, со идентификациски код 726BACF.

**2.**Избраниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

## *О б р а з л о ж е н и е*

По објавениот јавен оглас, бр. 649/2025, на ден 28.06.2025 година на интернет страната на Агенција за администрација и во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" за пополнување на работно место, Самостоен рефрент за оперативна поддршка на активностите од областа на јавните набавки, шифра, **УПР 01 01 Г01 000**, во Одделението за јавните набавки, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение, бр.10-1587/3 од 07.07.2025 година, донесено од Директорот на Агенцијата за администрација, на ден 17.07.2025 година, изврши административна селекција на административен службеник.

За огласеното работно место, Самостоен рефрент за оперативна поддршка на активностите од областа на јавните набавки, шифра, **УПР 01 01 Г01 000**, во Одделението за јавните набавки, комисијата констатирала дека има пријавено 3(три) кандидати од кои 2 (две) уредни пријави и 1(една) неуредна, утврдено со записник бр.10-1587/4 од 17.07.2025 година.

На ден 04.08.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација спроведен е испит за административен службеник (записник бр. 10-1587/6 од 04.08.2025 година), а на ден 05.08.2025 година, комисијата има извршено проверка на веродостојност на доказите и спроведено интервју за административен службеник (записник бр. 10-1587/7 од 05.08.2025 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, од страна на комисијата изготвена е конечна ранг листа на кандидати со утврден предлог за вработување на кандидатите кои ги исполниле условите по оглас бр.649/2025, доставено до Градоначалникот на Општина Дојран, со допис бр. 10-1587/8 од 05.08.2025 година, примено во архива на општина Дојран на ден 05.08.2025 година.

На ден 11.08.2025 година, согласно член 8-а од Изборниот Законик("Службен весник на Р.М.", бр, 40/2006; 127/2006; 136/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 54/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 32/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016;

136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018; 27/2019; 98/2019 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр, 146/2019; 42/2020; 72/2020; 160/2020; 74/2021; 215/2021; 58/2024; 76/2024; 63/2025; 116/2025), се донесе Решение за **ставање во мирување на постапката за вработување** по јавен оглас, бр. 649/2025, бр.04-964/9.

Со Заклучок на Државната иборна комисија, изборните резултати од локалните избори за 2025 година во Општина Дојран беа прогласени за конечни на ден 06.11.2025 година а Советот на општина Дојран ја одржа конститутивната седница на ден 14.11.2025 година. Решението за утврдување на мандат на членовите на советот е објавено во "Службен гласник на општина Дојран", бр.13/25 на ден 20.11.2025 година.

На ден 15.12.2025 година од страна на Градоначалникот на Општина Дојран е донесено Решение за продолжување на постапката.

Согласно наведеното и утврдената состојба дека постапката продолжува согласно член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М.“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 5/16, 142/16 и 11/18, „Службен весник на Р.С.М.“, бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изготвил,Дарко Качаков, Раковод. на оддел.
За правни и општи работи Јавни дејн. И управ. Со човечки ресурси,

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов